Друштво за осигурување
ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ЛУЊА

Ознака: ПУС-пло-луња 04.24
Број: 1101-21/05/09
Датум на примена: 09.04.2024

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

**Член 1**

[1] Осигурувањето покрива штети на осигурените посеви и плодови ако се оштетени или уништени од луња.
Под луња се смета ветар со брзина најмалку од 17,2 m/s или 62 km на час (8–ми степен по Beaufort - ова скала).
[2] Настанатата штета поради луња, осигуреникот мора да ја докаже со податоци од Хидрометеоролошкиот завод. Ако хидрометеоролошката служба нема податоци за јачина на ветерот за подрачјето каде е пријавена штетата, штетата се одредува по Beaufort - ова скала (кршење на гранки), а на посевите и плодовите по непосредните маханички оштетувања (прекршување, кршење, корнење, откинување и сл).
[3] Осигурувањето од ризикот луња не покрива штети кои ќе настанат поради ветар со помала брзина, како на пример: пореметување во цветање и оплодување, истресување на зрната поради презреаност, жешки воздушни струи, полегнувањето поради бујноста на посевот, преголема влага или габични заболувања и.т.н.

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 2**

[1] Предмет на осигурување се посеви и плодови кои се осигуруваат по Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

## УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

[1] Осигурувањето на посеви и плодови од ризикот луња може да се склучи само под услов ако се осигурени основните ризици по Општите услови за осигурување на посеви и плодови.Осигурувањето од ризикот луња мора да се склучи најдоцна до 15 мај во тековната година и тоа:
1) со здружени организации или поголеми имоти, ако со осигурување се опфатени сите површини со ист вид на култура, која е осигурена од ризикот луња, со тоа што ќе се обработува секоја економска единица посебно, односно
2) само во колективен облик (групно осигурување), ако со осигурување на обработливото подрачје се опфатени најмалку 70% од површините под посеви и/или насади, кои групно се осигурени од основните ризици..
[2] Склучувањето на осигурувањето од ризикот луња, осигурувачот може да го услови со претходен преглед на посевите и плодовите за кои се бара дополнително осигурување од ризикот луња.

**ВАЖЕЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**
**Член 4**

[1] За осигурувањата склучени по овие Посебни услови, важат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови, доколку не се во спротивност со Посебните услови.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-21/05 од 09.04.2024 година и ќе се применуваат од 09.04.2024 година.